| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | “Како да се грижам за моето здравје“ |
| **Содржина на денот** | “Културно однесување“ |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Поттикнете го детето да размисли и да ви каже како можеме да го зачуваме нашето здравје и што треба да знаеме за одржување на нашата лична хигиена. На пример: секое утро треба да се мијат рацете, лицето, забите и да облечеме чиста облека. Исто така рацете треба многу често да ги миеме, односно пред секое јадење, по секое играње, по одење во тоалет и сл. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор што значи културното однесување односно како да се научиме добро да се однесуваме. –Прво ќе поразговарате односно ќе научите за тоа колку е важно детето да ги почитува другите околу него и да биде културно и љубезно.<br>-Секогаш употребувајте ги трите волшебни зборови и поттикнувајте го и тоа да ги употребува: МОЛАМ, БЛАГОДАРАМ и ИЗВИНИ.<br>-Детето треба културно да се поздравува, наутро со “Добро утро“, напладне со “Добар ден“, а пак навечер со “Добро вечер“.<br>-Со другарчињата во градинка или пак со другарчињата што си игра во паркот или дома, треба да биде вистински другар, да не се потсмева, да не се лути, да ги дели играчките, да му помогне на другарчето кога ќе му биде потребна помош особено ако се помали, немоќни или сами.<br>- Покажете му како правилно се седи на маса додека јадеме, како правилно се употребува приборот за јадење,дека се џвака со затворена уста и не се зборува додека устата ни е полна со храна, и како никогаш не ја бришеме устата или носот со ракавот туку употребуваме хартиено марамче или салфета.<br>-Поразговарајте и објаснете дека секогаш кога разговараат возрасните |

| | |
|---|---|
| | или другаричињата не треба да ги прекнуваме, туку да сослушаме и почекаме да завршат со разговорот, а потоа да поставиме прашање.<br>-Поттикнувајте го детето да размислува за што е благодарно. За новата играчка/ сликовица, нова облека, прошетка, патување, другарувањето и сл. Разговарајте и поттикнувајте го детето само да размислува и да се искажува со свои зборови.<br>Откако ќе завршите со разговорот, предложете му на детето да ги примени овие културни навики преку имитативната игра „Како треба културно да се однесува“ , односно детето преку практични примери играјќи со своите родители , кукли, братче или сестричка да се поттикне да ги усвои овие културни навики и да ги употребува секојдневно.<br>На крајот слушајте ја песната “Бон – тон“ –Елена Стојановска<br>https://www.youtube.com/watch?v=Hfb3ZFVY_ig |